Арх.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 дооел Пробиштип со седиште на ул.„Јаким Стојковски“ бр.2, Пробиштип и со Записник број ип1 31-167 од 09.04.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 2 алинеја 1 од Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Му се наредува на субјектот на надзор Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 дооел Пробиштип, да ги отстрани утврдените недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со прописите кои ја уредуваат областа, и тоа: Да изготви геодетски елаборат од страна на овластено геодетско трговско друштво за утврдување на фактичката состојба со теренски премер на двете брани, нивна местоположба (КП, КО), моментално изведено ниво на кота на круна, податоци за правниот статус на браните, евидентирани одобренија за градење или други акти и прибележувања предвидени со закон.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~4) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________ денари, на жиро сметка број ______________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-167 од 09.04.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба: Врз основа на издаден налог,за оформен предмет од упатена преставка по електронски пат од страна на Здружение за истражување, едукација и креирање еко политики О2 иницијатива Скопје во која се наведени наводи за надвишување на узводна и низводна брана на постојно хидројаловиште 1 над дозволеното на рудник Тораница Крива Паланка. При вршење на инспекциски надзор на ден 9 април 2025 год. се изврши теренски увид на постојното хидројаловиште лоцирано на простор-определено место во рамките на рудникот со намена акумулирање на јаловина /отпад кој настанува од процесот на подземна експлоатација на минерална суровина. Во определениот простор заради задржување на јаловината оформени се две брани и тоа: песочна и ретензиона брана. Моментално е затекната активност на таложење на јаловина преку пулповодот само на песочната брана, не се забележани активности на ретензионата брана. Во поглед на контролата и мониторинг на песочната брана вградени се 13 пиезометри и 6 контролни точки (x y z) координти, а на ретензионата брана вградени се 18 пиезометри и 5 контролни точки . Евидентирано е ниво на кота на круна за ретензиона брана 997 м.н.в. и ниво на кота на круна на песочна брана 996 м.н.в.

При теренскиот увид, од страна на претставникот на субјектот и присутните вработени лица, приложена е следната документација :

- Тековна состојба од 10.03.2025 год. издадена од Централен регистар
- Решение под бр.35020250005271 издадено од Централен регистар
- Основен проект со тех.бр. ГП_02_01/18 од август 2018 изработен од „Геинг“ Кребс унд Кифер Интернешил и др. ДОО Скопје
- Извештај за извршена ревизија со тех.бр.0701-428 од 20.09.2018 год. изработен од Друштво за проектирање и услуги ХИДРО-ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје
- Податоци од извршени геодетски мерења на височинска кота на изведба на песочна и ретензиона брана од ден 06.03.2025 год.
- Договор за вработување под број 04-540/1 од 17.02.2025 год. и Договор за вработување под бр. 04-2160/1 од 16.06.20201 год.
- Дополнителен рударски проект за надвишување на постојното јаловиште изработен од Рударски институт АД Скопје

Субјектот на надзор на ден 11.04.2025 год. дополнително во скенирана форма ја достави следната документација:

- Евиденција која е водена од страна на субјектот за ниво на подземна вода во пиезометри во 2024 година
- Евиденција за ниво на вода во пиезометри за 2025 год.
- Евиденција за дренажни води на ретензиона брана за 2024 година
- Евиденција за извршено геодетско мерење на реперни точки во 2024 година
- Евиденција од извршени мерења по профили на браната за 2024 год.
- Евиденција од ситонова анализа на исциклониран песок на ретензиона и песочна брана
- Насловни страна од стари документи од 1985 год.
- Решение за назначување на одговорно лице под бр 03-4205/1 од 05.12.2024 год. за раководење при изведба на рударски работи
- Студија за последиците од поплавен бран предизвикан од уривање на хидројаловиште тораница за кота на круна на брана 1000 м.н.в. со тех.бр. ПХ_189_12/17 од 2019 година изработен од „Геинг“ Кребс унд Кифер Интернешил и др. ДОО Скопје
- Елаборат за анализа и оценка на стабилноста и функционалноста на јаловишната брана со придружните објекти и за стабилноста на теренот околу браната и таложното езеро, со оскултациони податоци за 2022 година со тех.бр. PRJ-113-104/2 изработен од Техника 20 Груп
- Елаборат за анализа и оценка на стабилноста и функционалноста на јаловишната брана со придружните објекти и за стабилноста на теренот околу браната и таложното езеро, со оскултациони податоци за 2023 година со тех.бр. КП-I-833/24 изработен од ХИДРО ЕНЕРГО инженеринг Скопје
- Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на хидројаловиште Тораница, за круна на брана на 1000 м.н.в. со тех бр. 0307/40-2 од 2021 год изработен од ДИПКО дооел Скопје
- Проект за надвишување на ретензионата брана од кота 993.5 до кота 1000 м.н.в на хидројаловиштето – анекс број 2 на основен проект за надвишување на ретензиона и песочна брана од 986.5 до 1000 м.н.в. на хидројаловиште – детална анализа на напрегања,деформации и стабилност со тех бр 2022/1107/3 изработен од ДИПКО дооел Скопје
- Проект за надвишување на ретензионата брана од кота 993.5 до кота 1000 м.н.в на хидројаловиштето – анекс број 1 на основен проект за надвишување на ретензиона и песочна брана од 986.5 до 1000 м.н.в. на хидројаловиште Тораница со тех бр 2022/1107/3 изработен од ДИПКО дооел Скопје
- Дневник за набљудување и мерење на хидројаловиштето- не е оверен.
- Решение за одобрување на Елаборат 11-3034/2 од 26.07.2023 год. за анализа и оценка на стабилноста и функционалноста на браната за 2022 год. издаден од страна на Управа за животна средина при МЖСПП
- Проект за техничко набљудување (оскултација) на браните, придружните објекти и акумулацијата – хидројаловиште Тораница со тех.бр. ГП_42_12/17 од јуни 2018 година година изработен од „Геинг“ Кребс унд Кифер Интернешил и др. ДОО Скопје

За дополнителната документација присутен беше и Љупчо Георгиевски инж. за животна средина
По службена должност е прибавена достапна документација кој е јавно објавена во однос на договорот за концесија, дозволата за експлоатација и А-интегрираната еколошка дозвола.
Констатација: од извршениот инспекциски надзор се констатира дека субјектот на надзор како концесионер обавува дејност – експлоатација на минерална суровина, за кој Владата на РМ преку Министерство за економија има склучено договор под бр.24-44/29 од 06.04.2016 год. објавен во (службен весник на РМ бр.55/16) согласно одредбите од Законот за минерални суровини. Субјектот на надзор поседува Дозвола за експлатација бр.24-6075/4 од 15.11.2016 год. и е носител на А-интегрирана еколошка дозвола согласно одредбите од Законот за животната средина, за која е донесено Решение под УП1 бр.11/3-762/2016 од 05.06.2019 год.од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање. Во постапката субјектот на надзор не приложи потврда издадена од надлежен орган за одобрување на изготвените основни проекти кои се однесуваат за проектираните надвишувања на ретензиона и песочна брана согласно одредбите од Закон за градење, не е приложен доказ од извршени ревидирања на одобрената техничка документација за постојното хидројаловиште/документи од 1985 година/ кои биле одобрувани согласно Законот за

инвестициони објекти, не е приложен доказ за ревидиран рударски проект,не е приложен доказ кој врши надзор над изведба на хидројаловиштето и не е приложен доказ за одговорен инженер за техничко набљудување за браните. Од извршените геодетски мерења не е изработен елаборат од овластено геодетско трговско друштво, како и не е приложен имотен лист за браните од кој ќе се утврдат податоци за евидентирани постојни објекти или делови на објекти или други прибележувања предвидени со закон. Од извршениот инспекцискиот надзор произлегува дека е потребно да се достави известување до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини како надлежен орган за контрола на хидројаловиштето кој претставува дел од рудникот и Министерство за транспорт како надлежен орган за спроведување на одредбите од Закон за градење.
Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на теренската работа, а согласно член 82 став 3 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19, 272/24 и 22/25), записникот се состави во службените простории на инспекциската служба.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-167 од 14.04.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.г.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.